**Известување за концентрација која се однесува на основање на целосно-функционално заедничко вложување од страна на Генерали Реал Естате ГмбХ (Generali Real Estate S.p.A), со регистрирано седиште на Виа Мацхиавелли 4, 34132, Трст Италија и Аплеона Реал Естате ГмбХ (Apleona Real estate Gmbh) со регистрирано седиште на Ан дер Гехеспитз 50, 63263 Нoj-Изенбург, Германија што ќе резултира со стекнување на заедничка контрола врз Санса Бетеилигунгсверваltунгс ГмбХ (Sansa Beteiligungsverwaltungs GmbH) со регистрирано седиште на Бауернмаркт 12, 1010 Виена Австрија (предмет бр. 08-22/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 04.02.2020 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација која се однесува на основање на целосно-функционално заедничко вложување од страна на Генерали Реал Естате ГмбХ (Generali Real Estate S.p.A), со регистрирано седиште на Виа Мацхиавелли 4, 34132, Трст Италија и Аплеона Реал Естате ГмбХ (Apleona Real estate Gmbh) со регистрирано седиште на Ан дер Гехеспитз 50, 63263 Нoj-Изенбург, Германија што ќе резултира со стекнување на заедничка контрола врз Санса Бетеилигунгсвервалтунгс ГмбХ (Sansa Beteiligungsverwaltungs GmbH) со регистрирано седиште на Бауернмаркт 12, 1010 Виена Австрија.

**Учесници во концентрацијата и нивните деловни анктивности:**

Генерали Реал Естате ГмбХ управител со недвижнини кој работи со интегриран деловен модел кој обезбедува целосен опсег на управување со средства, вклучувајќи услуги за управување со имот. Генерали Реал Естате ГмбХ е дел од Генерали Групацијата.

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата е присутна преку Друштво за управување со инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Партизански одреди 14А/1-2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и регистрирана дејност – дејности на управување со фондови.

Аплеона Реал Естате ГмбХ нуди услуги за управување со недвижнини за секаква намена. Нивниот широк опсег на услуги се протега од управување со центри, фондови, и средства до комерцијално и техничко управување со имот, издавање и лизинг, подобрувања на закупи и управување со простор а нуди и корпоративни решенија. Аплеона Реал Естате ГмбХ е дел од Аплеона Групацијата. Аплеона Групацијата е во сопственост на ЕКТ VII, која е дел од ЕКТ групата на приватни инвестициски фондови.

Аплеона Групацијата нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија.

Санса Бетеилигунгсвервалтунгс ГмбХ е школка компанија што Генерали Реал

Естате ГмбХ ја користи за целите на трансакцијата. Во моментов е целосно контролирана од Генерали Реал Естате ГмбХ. По затворање на концентрацијата, Санса Бетеилигунгсвервалтунгс ГмбХ ќе биде заеднички контролирана од Генерали Реал Естате ГмбХ и Аплеона Реал Естате ГмбХ.

Релевантниот пазар на производ за пријавената концентрација би можел да се дефинира како пазар на услуги со недвижнини. Што се однесува до географскиот обем на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Австрија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.02.2020 година
Скопје